РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА
КОМИСИЈА ЗА ОДЛУЧУВАЊЕ ПО ПРЕКРШОК
Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

Бр: 09-22/13

Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата составена од Чедомир Краљевски - претседател, Благој Чурлинов и Насер Жарку - членови, врз основа на член 28 став (2), член 30 став (1) и член 45 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на РМ“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), постапувајќи во постапка поведена по барањето на Македонски Телеком АД – Скопје ПП бр.09-13/1 од 14.11.2011 година и барањето на Друштвото за комуникациски услуги ОНЕ.ВИП ДООЕЛ (поранешно: Друштво за телекомуникациски инжинеринг, софтвер, трговија и услуги БЛИЗУ МЕДИА ЕНД БРОУДБЕНД ДООЕЛ Скопје) ПП бр. 09-13/3 од 13.12.2011 година за поведување прекршочна постапка против Здружението за заштита на авторски музички права ЗАМП, со седиште на ул. Митрополит Теодосиј Гологанов бр.28 Скопје – Центар, застапувано од полномошник Ефтимов Панче, Елена Младеновска адвокати од Скопје и Тања Томашевска адвокатски стручен соработник од Скопје, како и постапувајќи по службена должност против Асоцијацијата за меѓународно колективно управување со правата од аудиовизуелни дела AGICOA, со седиште на ул. 1 руе Песталоци 1, ЦХ-1202 Женева, Швајцарија, застапувана од полномошник Дарко Константиновиќ и Александар Милошевски, адвокати од Адвокатско друштво Константиновиќ и Милошевски од Скопје, заради утврдување на прекршок од член 59 став (1) точка 2) од истиот Закон, на седницата одржана на 17.10.2018 година го донесе следното

# Р Е Ш Е Н И Е

**1. Се утврдува дека Здружението за заштита на авторски музички права ЗАМП** со седиште на ул. Митрополит Теодосиј Гологанов бр.28 Скопје – Центар, со ЕМБС XXX[1], и единствен даночен број XXX, со сметка бр.XXX при XXX, со е-маил: XXX, застапувано од полномошник Ефтимов Панче, Елена Младеновска адвокати од Скопје и Тања Томашевска адвокатски стручен соработник од Скопје, како единствена организација на пазарот за колективно управување на правото за кабелско реемитување на несценски музички дела на територија на Република Македонија, има доминантна позиција на наведениот пазар и истата ја злоупотребувало, во периодот од 2011 до 2015 година, на начин што **со одредбата од член 8 од *Договорот за лиценца во врска со лиценцата за симултано непроменливо и неограничено реемитување на телевизиски програми и канали кои не се на EBU и VG Media за* 2011-2015** *на АДСЛ/ИПТВ операторот и на кабелските* оператори *во Република Македонија* **давањето на одреден попуст на надоместокот за лиценца** за реемитување на програми и дела од *Договорот за лиценца во врска со лиценцата за симултано непроменливо и неограничено реемитување на телевизиски програми и канали кои не се на EBU и VG Media* застапувани од страна на Здружението за заштита на авторски музички права ЗАМП **го врзувало со претходно склучување на *Генерален Лиценсен договор во врска со дозволата за симултано, непроменливо и неограничено реемитување на телевизки програми кои се на ЕБУ Кабелска координација, VG Media Gesellschaft и RTL Телевизија по пат на АДСЛ/ИПТВ и кабелска мрежа во Република Македонија за* 2011-2015 година**, со што сторило **прекршок од член 59 став (1) точка 2) а во врска со член 11 од Законот за заштита на конкуренцијата**, за што на сторителот **Здружението за заштита на авторски музички права ЗАМП** му се изрекува санкција - **глоба во износ од 1.748.620,00 денари, што**

[1] Податоците претставуваат деловна тајна

Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

**претставува** XXX% од вредноста на вкупниот годишен приход остварен во 2017 година, како последна деловна година за која истото има составено годишна сметка.

2) Се утврдува дека **Асоцијацијата за меѓународно колективно управување со правата од аудиовизуелни дела AGICOA**, со седиште на ул. 1 рue Песталоци 1, ЦХ-1202 Женева, Швајцарија, единствен даночен број XXX, жиро сметка во евра: број на сметка: XXX, IBAN: XXX, Депонент банка – XXX, BIC/SWIFT: XXX, застапувана од полномошник Дарко Константиновиќ и Александар Милошевски, адвокати од Адвокатско друштво Константиновиќ и Милошевски од Скопје, како единствена организација на пазарот за колективно управување на правото за кабелско реемитување на аудиовизуелни дела (на филмски продуценти) на територија на Република Македонија има доминантна позиција и истата ја злоупотребувала, во периодот од 2011 до 2015 година, на начин што **со одредбата од член 8 од *Договорот за лиценца во врска со лиценцата за симултано непроменливо и неограничено реемитување на телевизиски програми и канали кои не се на EBU и VG Media за 2011-2015*** *на АДСЛ/ИПТВ операторот и на кабелските* оператори *во Република Македонија* **давањето на одреден попуст на надоместокот за лиценца** за реемитување на програми и дела од *Договорот за лиценца во врска со лиценцата за симултано непроменливо и неограничено реемитување на телевизиски програми и канали кои не се на EBU и VG Media* застапувани од страна на Асоцијацијата за меѓународно колективно управување со правата од аудиовизуелни дела AGICOA **го врзувала со претходно склучување на *Генерален Лиценсен договор во врска со дозволата за симултано, непроменливо и неограничено реемитување на телевизски програми кои се на ЕБУ Кабелска координација, VG Media Gesellschaft и RTL Телевизија по пат на АДСЛ/ИПТВ и кабелска мрежа во Република Македонија за* 2011-2015 година**, со што сторила **прекршок од член 59 став (1) точка 2) а во врска со член 11 од Законот за заштита на конкуренцијата**, за што на сторителот **Асоцијацијата за меѓународно колективно управување со правата од аудиовизуелни дела AGICOA** му се изрекува санкција - **глоба во износ од 4.541.700,00 денари претставува денари, што претставува** XXX**%** од вредноста на вкупниот годишен приход остварен во 2017 година, како последна деловна година за која истото има составено годишна сметка.

3) Глобата од точка 1) и 2) од ова решение сторителите на прекршокот се должни да ја платат во рок од 30 дена од денот на правосилноста на решението на трансакциска сметка на налогопримач: 100-0000000630-95, уплатна сметка: 840xxx207337 - глоби за сторени прекршоци од областа во надлежност на Комисијата за заштита на конкуренцијата, со приходна шифра 722139 и програма 00, налогопримач - Министерство за финансии, банка на примач – НБРМ и до Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата да достави доказ/примерок од извршената уплата на глобата во рок од 15 дена од извршената уплата**.** Неплатената глоба или ненавремено платената глоба, ќе се наплати по присилен пат. Тужбата го одлага извршувањето на решението.

## О б р а з л о ж е н и е

До Комисијата за заштита на конкуренцијата од страна на Македонски Телеком АД - Скопје (во понатамошниот текст: МТ), со допис ПП бр. 09-13/1 од 14.11.2011 година и од страна на Друштвото за комуникациски услуги ОНЕ.ВИП ДООЕЛ Скопје (поранешно: Друштво за телекомуникациски инжинеринг, софтвер, трговија и услуги БЛИЗУ МЕДИА ЕНД БРОУДБЕНД ДООЕЛ Скопје) (во понатамошниот текст: ОНЕ.ВИП (поранешно:БЛИЗУ) со допис ПП бр. 09-13/3 од 13.12.2011 година беа поднесени барања за

[2] Се наведува ознаката на општината согласно Списокот на општини со ознаки во Република Македонија, кој е составен дел на Упатството за начинот на евидентирање, распоредување и поврат на јавните приходи (Службен весник на Р.М. бр.8/06)

Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

поведување на прекршочна постапка согласно член 32 и 34 од Законот за заштита на конкуренцијата против Здружението за заштита на авторски музички права ЗАМП (во понатамошниот текст: ЗАМП) поради нарушување на конкуренцијата од страна на ЗАМП.

Подносителите на барањата наведуваат дека ЗАМП го условува доделувањето на предвидените попусти во Лиценсниот Договор со склучување на Генерален Лиценсен Договор и покрај тоа што двата погоренаведени договори се однесуваат на различни правни работи.

Од овие причини подносителите на барањата тврдат дека ЗАМП ги прекршил одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата. Во прилог на барањето МТ го достави и текстот на предметните договори и тоа:

- Договор за лиценца во врска со лиценцата за симултано непроменливо и неограничено реемитување на телевизиски програми и канали кои не се на EBU и VG Media, преку АДСЛ/ИПТВ во Македонија за 2011-2015 година;
- Генерален Лиценсен Договор во врска со дозволата за симултано, непроменливо и неограничено реемитување на телевизиски програми во кабелска мрежа на Р.Македонија за 2011-2015 година;
- Генерален Лиценсен Договор во врска со дозволата за симултано, непроменливо и неограничено реемитување на телевизиски програми по пат на АДСЛ/ИПТВ на Р.Македонија за 2008-2010 година;
- Договор за лиценца во врска со лиценцата за симултано непроменливо и неограничено реемитување на телевизиски програми и канали кои не се на EBU и VG Media, преку АДСЛ/ИПТВ во Македонија за 2008-2010 година

ОНЕ.ВИП (поранешно:БЛИЗУ) во прилог на своето барање достави:

- Генерален Лиценсен Договор во врска со дозволата за симултано, непроменливо и неограничено реемитување на телевизиски програми во кабелска мрежа на Р.Македонија за 2011-2015 година;
- Договор за лиценца во врска со лиценцата за симултано непроменливо и неограничено реемитување на телевизиски програми и канали кои не се на EBU и VG Media, преку кабелските оператори во Македонија за 2011-2015 година;
- Генерален Лиценсен Договор во врска со дозволата за симултано, непроменливо и неограничено реемитување на телевизиски програми во кабелска мрежа на Р.Македонија за 2008-2010 година;
- Договор за лиценца во врска со лиценцата за симултано непроменливо и неограничено реемитување на телевизиски програми и канали кои не се на EBU и VG Media, преку кабелските оператори во Македонија за 2008-2011 година;
- Решение за упис во Централен регистар на Република Македонија за ОНЕ.ВИП (поранешно:БЛИЗУ).

КОП постапувајќи по предметните барања со заклучок ПП бр. 09-13/4 од 22.12.2011 година побара ЗАМП да ги достави следните податоци:

- Дали ЗАМП е овластен претставник на домашните и странските носители на авторски права и сродни права за кабелско реемитување на радио и телевизиски програми во кабелска мрежа во РМ и доколку има, да го достави таквото овластување;
- Сите договори склучени меѓу ЗАМП од една страна и CISAC, AGICOA, EBU, VG Media Gesellschaft, RTL Телевизија и VPRT од друга страна;

Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

- Дали ЗАМП е овластен претставник на имателите на права наведени во точка 1 алинеја 2 и доколку е, да се достави овластувањето со образложение за обемот на истото;
- Статут на ЗАМП;
- Сите склучени Договори за лиценца во врска со лиценцата за симултано непроменливо и неограничено реемитување на телевизиски програми и канали кои не се на EBU и VG Media, преку кабелски оператори и/или АДСЛ/ИПТВ во Македонија и Генерални Лиценсни Договори во врска со дозволата за симултано, непроменливо и неограничено реемитување на телевизиски програми во кабелска мрежа на Р. Македонија;
- Детално образложение на начинот на определување на висината на надоместоците за реемитување на ТВ канали од *Договорот за лиценца во врска со лиценцата за симултано непроменливо и неограничено реемитување на телевизиски програми и канали кои не се на EBU и VG Media, преку кабелски оператори и/или АДСЛ/ИПТВ во Македонија 2011-2015 година* (во понатамошниот текст: Договор за лиценца);
- Детално образложение на начинот на определување на висината на надоместоците за имателите на права за реемитување на ТВ програмите од *Генералниот Лиценсен Договор во врска со дозволата за симултано, непроменливо и неограничено реемитување на телевизиски програми во кабелска мрежа на Р. Македонија 2011-2015 година* (во понатамошниот текст: Генерален Лиценсен Договор);
- Образложение зошто надоместокот кој треба да го плати кабелскиот оператор и/или АДСЛ/ИПТВ операторот се зголемува за секоја следна година;
- Образложение и оправданост на воведување на генерална обврска за реемитување на минимален број на GLA канали за кабелскиот оператор и/или АДСЛ/ИПТВ операторот;
- Образложение зошто доделувањето на попусти од Договорот за лиценца се условува со склучување на Генерален Лиценсен Договор;
- Висината на трошоците и надоместокот кој го добива ЗАМП за вршење на услугата - координирање на плаќањето на надоместокот од секој кабелски оператор и/или АДСЛ/ИПТВ оператор, утврдена во Договорот за лиценца;
- Образложение на член 2 точка 3 од Генералниот Лиценсен Договор

ЗАМП со допис ПП бр. 09-13/5 од 30.12.2011 година ги достави побараните податоци до КОП.

КОП со заклучок ПП бр. 09-4/1 од 17.01.2012 година побара ЗАМП да ги достави следните податоци:

- Генерални лиценсни договори и Договори за лиценца кои AGICOA, EBU, VG Media Gesellschaft, RTL Телевизија и VPRT ги склучуваат во други земји на Европската унија со соодветните здруженија за колективно управување на авторски права, доколку ги има;
- Која е цената за реемитување на поединечен ТВ канал од Договорот за лиценца за 2011-2015 година без попуст (без склучен Генерален лиценсен договор за 2011-2015 година), за кабелските оператори и ИПТВ оператори?
- Детално објаснување на секоја табела од член 8 од Договорот за лиценца за 2011-2015 година за кабелските оператори и ИПТВ оператори;

Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

- Зошто се доделува различен износ на попуст во член 8 точка 3 од Договорот за лиценца за 2011-2015 година за различни оператори (кабелски оператори и ИПТВ оператори)?
- Зошто кабелските оператори членови на МКНЕТ добиваат дополнителен попуст при склучувањето на Договорот за лиценца за 2011-2015 година и Генералниот лиценсен договор за 2011-2015 година?
- Англиска верзија на Договорот за лиценца за 2011-2015 година и Генералниот лиценсен договор за 2011-2015 година;
- Сервисниот договор и Протоколот за соработка меѓу ЗАМП и AGICOA за Договорот за лиценца за периодот 2011-2015 година и
- Структура, предмет на работа и седиште на ЕБУ Кабелска Координација и соодносот (поврзаноста) на ЕБУ (Европската Радиодифузна Унија) од една и ЕБУ Кабелска Координација од друга страна.

КОП исто така со заклучок ПП бр. 09-4/2 од 17.01.2012 побара од Македонската Радио Телевизија да ги достави следните податоци:

- Овластување за застапување на Македонската Радио Телевизија од страна на ЕБУ Кабелска Координација за кабелско реемитување на програмите на МРТВ надвор од Република Македонија;
- Договор/и склучен/и помеѓу Македонската Радио Телевизија од една и ЕБУ (Европската Радиодифузна Унија) и/или ЕБУ Кабелска Координација од друга страна;
- Договори кои ЕБУ и/или ЕБУ Кабелска Координација ги има склучено со странски кабелски/ИПТВ оператори, а во име на Македонската Радио Телевизија за кабелско реемитување на нејзините телевизиски програми, доколку има такви договори;
- Дали Македонската Радио Телевизија има директно склучено договори за кабелско реемитување на нејзините телевизиски програми со странски кабелски/ИПТВ оператори и/или странски здруженија за колективно управување на авторски права и доколку има истите да ги достави;
- Доколку Македонската Радио Телевизија нема директно склучено договори за кабелско реемитување на нејзините телевизиски програми со странски кабелски/ИПТВ оператори и/или странски здруженија за колективно управување на авторски права, да се наведе причината.

ЗАМП со допис ПП бр. 09-4/3 од 25.01.2012 година ги достави бараните податоци до КОП.

Македонската Радио Телевизија со допис ПП бр.09-4/5 од 03.04.2012 година накратко ја извести КОП дека нема право да склучува директно договори за реемитување на сопствената програма со кабелски оператори надвор од нашата земја, туку тоа право го има ЕБУ преку Кабелска координација за Источна Европа која во моментот ја извршува WDR од Келн – Германија. Дополнително, Македонската Радио Телевизија за прв пат во 2012 година дала согласност за реемитување на програмата на МКТВ САТ за Бугарија, Хрватска, Полска, Унгарија и Словенија по консултација со службите на ЕБУ и работоводниот орган на МРТ.

МТ со допис ПП бр. 09-4/4 од 09.02.2012 година достави до КОП дополнителни податоци кон своето барање за поведување на прекршочна постапка.

КОП со допис ПП бр. 09-10/1 од 04.02.2013 година побара од МТ да ги достави следните дополнителни податоци:

Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

- На кој релевантен пазар (на производ и географски пазар) настанала евентуална повреда на правилата на конкуренцијата за која се поднесени барањата за поведување на прекршочна постапка против ЗАМП и аргументи за таквото дефинирање на релевантниот пазар?
- Дали Македонски Телеком АД - Скопје склучил Генерален Лиценцен Договор во врска со дозволата за симултано, непроменливо и неограничено кабелско реемитување во РМ на телевизиски програми за 2012 и 2013 година? Доколку има склучено таков договор тогаш во прилог да достави копија од истиот;
- Во периодот во кој Македонски Телеком АД - Скопје немал склучено Генерален Лиценсен Договор, дали и кои канали ги понудил на крајните корисници како замена за каналите наведени во Генералниот Лиценцен Договор? Односно, да достави податоци за алтернативните извори на снабдување кои ги користел во периодот во кој Македонски Телеком АД-Скопје немал склучено Генерален Лиценсен Договор;
- Да ги наведе пречките и трошоците поврзани со замена на каналите кои се вклучени во Генералниот Лиценсен Договор со други канали;
- Да информира за реакции на потрошувачите откако е прекинато кабелското реемитување во РМ на телевизиски програми содржани Генералниот Лиценсен Договор;
- Објаснување за тоа како не-склучувањето на Генерален Лиценсен Договор влијаел на намалување на конкурентските можности на Македонски Телеком АД - Скопје, односно објаснување за тоа како со не-склучувањето на наведениот договор настанало значително нарушување на конкуренцијата на пазарот?
- Дали и со кого Македонски Телеком АД - Скопје има склучено договори за кабелско реемитување на телевизиските програми што ги реемитува во РМ?
- Дали Македонски Телеком АД - Скопје има директно склучено договори за кабелско реемитување на телевизиски програми со некои од членките на ЕБУ, VG Media и RTL и со кои?

МТ со допис ПП бр. 09-10/6 од 15.02.2013 година ги достави бараните податоци до КОП.

КОП со допис ПП бр. 09-10/2 од 04.02.2013 година побара од ОНЕ.ВИП да ги достави следните дополнителни податоци:

- На кој релевантен пазар (на производ и географски пазар) настанала евентуална повреда на правилата на конкуренцијата за која се поднесени барањата за поведување на прекршочна постапка против ЗАМП и аргументи за таквото дефинирање на релевантниот пазар?
- Дали ОНЕ.ВИП (поранешно:БЛИЗУ) склучил Генерален Лиценсен Договор во врска со дозволата за симултано, непроменливо и неограничено кабелско реемитување во РМ на телевизиски програми за 2012 и 2013 година? Доколку има склучено таков договор тогаш во прилог да достави копија од истиот;
- Во периодот во кој ОНЕ.ВИП Скопје немал склучено Генерален Лиценсен Договор, дали и кои канали ги понудил на крајните корисници како замена за каналите наведени во Генералниот Лиценсен Договор? Односно, да достави податоци за алтернативните извори на снабдување кои ги користел во периодот во кој ОНЕ.ВИП (поранешно:БЛИЗУ) немал склучено Генерален Лиценсен Договор;
- Да ги наведе пречките и трошоците поврзани со замена на каналите кои се вклучени во Генералниот Лиценсен Договор со други канали;

Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

- Да информира за реакции на потрошувачите откако е прекинато кабелското реемитување во РМ на телевизиски програми содржани Генералниот Лиценсен Договор;
- Објаснување за тоа како не-склучувањето на Генерален Лиценсен Договор влијаел на намалување на конкурентските можности на ОНЕ.ВИП (поранешно:БЛИЗУ), односно објаснување за тоа како со не-склучувањето на наведениот договор настанало значително нарушување на конкуренцијата на пазарот?
- Дали и со кого ОНЕ.ВИП (поранешно:БЛИЗУ) има склучено договори за кабелско реемитување на телевизиските програми што ги реемитува во РМ?
- Дали ОНЕ.ВИП (поранешно:БЛИЗУ) има директно склучено договори за кабелско реемитување на телевизиски програми со некои од членките на ЕБУ, VG Media и RTL и со кои?

ОНЕ.ВИП (поранешно:БЛИЗУ) со допис ПП бр. 09-10/4 од 14.02.2013 година ги достави бараните податоци до КОП.

КОП со заклучок бр. 09-22/1 од 08.05.2015 година поведе прекршочна постапка против **ЗАМП** и **AGICOA.**

КОП со допис ПП бр.09-22/2 достави Изветување и Заклучок за поведување на прекрочна постапка до AGICOA согласно член 93 став (2) од Законот за општата управна постапка, при што КОП достави барање за меѓународна правна помош ПП.бр. 09-22/3 од 14.05.2015 година до Министерството за правда – Сектор за меѓународна правна помош за врачување на известувањето и Заклучокот за поведување на прекршочна постапка до AGICOA (на македонски и англиски јазик заверен од овластен судски преведувач) заедно со доставница.

Со допис ПП.бр.22/5 од 20.05.2015 година Адвокатското друштво Пепељугоски достави полномошно ПП.бр.22/4 од 20.05.2015 година издадено од AGICOA за вршење на увид а во врска со Заклучокот ПП.бр.09-22/1 од 08.05.2015 година.

**ЗАМП** со допис бр. 09-22/6 од 21.05.2015 година одговори на Заклучокот и ги достави бараните податоци со истиот.

КОП со допис ПП.бр.09-22/7 од 26.05.2015 година го достави Заклучокот за поведување на постапка до подносителите на барањето МТ и ОНЕ.ВИП (поранешно:БЛИЗУ).

КОП со допис ПП.бр.09-22/8 од 27.05.2015 година одговори на дописот ПП.бр.09-22/5 доставен од AGICOA.

AGICOA преку Адвокатското друштво Пепељугоски со допис бр. 09-22/10 од 21.09.2015 година во прилог на кој беше доставено и полномошно ги достави бараните податоци од Заклучокот за поведување на постапка. Со допис бр. 09-22/11 од 22.09.2015 година AGICOA достави дополнителни податоци.

КОП со допис бр.09-22/13 од 13.10.2015 година побара дополнителни податоци од ЗАМП.

ЗАМП преку полномошник Ефтимов Панче, адвокат од Скопје со допис ПП.бр.09-22/14 од 21.10.2015 година, во прилог на кој достави Генерално полномошно, побара продолжување на рокот за доставување на бараните податоци, по кое барање КОП со допис ПП.бр.09-22/16 од 22.10.2015 година на ЗАМП му го продолжи рокот за доставување на податоците.

Со допис ПП.бр.22/17 од 06.11.2015 година Адвокатското друштво Пепељугоски ја извести КОП дека се откажува од полномошното за AGICOA, со укажување дека секоја понатамошна комуникација КОП треба да ја направи со адвокат Владимир Андреевски, како иден полномошник на AGICOA.

Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

ЗАМП со допис бр.09-22/18 од 11.11.2015 година ги достави бараните податоци.

Со допис ПП.бр.09-22/20 од 20.11.2015 година AGICOA ја извести КОП дека Владимир Андреевски, адвокат од Скопје е новиот полномошник на AGICOA и во прилог достави пономошно.

КОП со допис ПП.бр.09-22/21 од 25.11.2015 година до AGICOA преку полномошник Владимир Андреевски, адвокат од Скопје достави прелиминарно известување за дотогаш утврдена фактичка состојба.

КОП со допис ПП.бр.09-22/21 од 25.11.2015 година до ЗАМП преку полномошник Ефтимов Панче, адвокат од Скопје достави прелиминарно известување за дотогаш утврдена фактичка состојба.

Со допис ПП.бр.09-22/22 до 03.12.2015 година ЗАМП преку полномошник Ефтимов Панче, адвокат од Скопје достави писмено произнесување по наводите содржани во прелиминарното известување за дотогаш утврдена фактичка состојба.

Со допис ПП.бр.09-22/23 од 04.12.2015 година AGICOA преку полномошник Владимир Андреевски, адвокат од Скопје побара од КОП да му овозможи вршење на увид во списите од предметот.

КОП со Заклучок ПП.бр.09-22/24 од 07.12.2015 годиан, на AGICOA преку полномошник Владимир Андреевски, адвокат од Скопје го одобри барањето за вршење на увид и истото го закажа за 09.12.2015 година. Во наведениот заклучок беше наведено дека странката може на свој трошок да изврши препис или фотокопија од потребната документација на начин и обем определен со член 56 од Законот за заштита на конкуренцијата.

Увидот во списи се одржа во просториите на КОП на ден 09.12.2015 година за што станка достави и уредно платена уплатница за вршење на увид. Препис или фотокопија на потребната документација не беше побарано од страна на полномошникот на AGICOA.

Со допис ПП.бр.09-22/25 од 09.12.2015 година од AGICOA преку полномошник Владимир Андреевски, адвокат од Скопје побара од КОП продолжување на рокот за произнесување по прелиминарното известување за дотогаш утврдена фактичка состојба и доставување на податоците по истото. Следниот ден со допис ПП.бр.09-22/26 од 10.12.2015 година AGICOA преку полномошник Владимир Андреевски, адвокат од Скопје писмено се произнесе по прелиминарното известување за дотогаш утврдена фактичка состојба.

КОП со допис ПП.бр.09-22/27 од 11.12.2015 година го достави прелиминарното известување за дотогаш утврдена фактичка состојба до подносителите на барањето МТ и ОНЕ.ВИП (поранешно:БЛИЗУ).

Постапуваjки по писменото произнесување по прелиминарното известување за дотогаш утврдена фактичка состојба на AGICOA, КОП со допис ПП.бр.09-17/1 од 10.02.2016 година на AGICOA и го достави заклучокот за поведување на прекршочна постапка.

КОП со допис ПП.бр.09-17/2 од 14.03.2016 година до ЗАМП достави Заклучок за барање на податоци.

КОП со допис ПП.бр.09-17/3 од 14.03.2016 година до AGICOA достави Заклучок за барање на податоци.

Владимир Андреевски, адвокат од Скопје со допис ПП.бр.09-17/4 од 18.03.2016 година ја извести КОП дека повеќе не е полномошник на AGICOA.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА
КОМИСИЈА ЗА ОДЛУЧУВАЊЕ ПО ПРЕКРШОК
Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

ЗАМП со допис бр.09-17/5 од 22.03.2016 година ги достави бараните податоци.

AGICOA со допис бр.09-17/6 од 22.03.2016 година ја извести КОП дека Дарко Константиновиќ и Александар Милошевски, адвокати од Адвокатско друштво Константиновиќ и Милошевски од Скопје, се новите полномошници на AGICOA, и со истиот допис беше побарано вршене на увид во списите на предметот.

КОП со допис ПП.бр.09-17/7 од 06.04.2016 година достави до новите полномошници на AGICOA достави Заклучок за барање на податоци.

КОП со допис ПП.бр.09-17/8 од 06.04.2016 година до AGICOA достави Заклучок за одобрување на увидот со напомена дека на свој трошок AGICOA може да изврши препис или фотокопија од потребните документи на начин и обем определен со член 56 од Законот за заштита на конкуренцијата.

Од страна на полномошниците на AGICOA се доставени фотокопии од извршена уплата на Административна такса за барање за увид во списи на предметот пред КОП од 06.04.2016 година и уплата на Административна такса за барање да се изврши препис или фотокопија на списи на предметот пред КОП од 06.04.2016 година.

AGICOA со допис ПП.бр.09-17/9 од 15.04.2016 година побара продолжување на рокот за доставување на податоците побарани со Заклучокот на КОП.

КОП со допис ПП.бр.09-17/10 од 19.04.2016 година одговори на барањето за продолжување на рокот за доставување на податоците побарани со Заклучокот на КОП при што истиот го продолжи за дополнителни 15 дена.

AGICOA со допис ПП.бр.09-17/11 од 27.04.2016 година достави податоци до КОП, а со допис ПП.бр.09-17/12 од 19.05.2016 година ја извести КОП дека ревидирани финансиски извештаи за 2015 година сеуште не се усвоени од страна на органите на AGICOA.

КОП со допис ПП.бр.09-17/13 од 22.06.2016 година до ЗАМП и AGICOA достави Конечно известување за утврдена фактичка состојба.

КОП со допис ПП.бр.09-17/13 од 27.06.2016 година до МТ достави Конечно известување за утврдена фактичка состојба.

КОП со допис ПП.бр.09-17/13 од 27.06.2016 година до Друштвото за комуникациски услуги ОНЕ.ВИП Скопје (како субјект кон кој е присоединето Друштвото за телекомуникациски инжинеринг, софтвер, трговија и услуги БЛИЗУ МЕДИА ЕНД БРОУДБЕНД ДООЕЛ Скопје на 03.05.2015 година) (во понатамошниот текст: ОНЕ.ВИП), достави Конечно известување за утврдена фактичка состојба.

ЗАМП со допис ПП.бр.09-17/15 од 29.06.2016 година писмено се произнесе по Конечно известување за утврдена фактичка состојба.

AGICOA со допис ПП.бр.09-17/14 од 30.06.2016 година писмено се произнесе по Конечно известување за утврдена фактичка состојба.

КОП со допис ПП.бр.09-17/16 од 21.09.2016 година достави до AGICOA достави Заклучок за барање на податоци.

AGICOA со допис ПП.бр.09-17/17 од 29.09.2016 година достави податоци до КОП.

КОП на 13.10.2016 година донесе Решение ПП.бр.09-17/18.

Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

AGICOA со допис ПП.бр.09-17/19 од 28.10.2016 година достави недоверлива верзија на Решението.

ЗАМП со Тужба Упрк 1 – бр.6/2016 (наш ПП.бр.09-17/20 од 04.11.2016 година) поведе управен спор против Решението ПП бр. 09-17/18 од 13.10.2016 година на КОП.

AGICOA со Тужба Упрк 1 – бр.7/2016 (наш ПП.бр.09-17/21 од 04.11.2016 година) поведе управен спор против Решението ПП бр. 09-17/18 од 13.10.2016 година на КОП.

КОП со допис ПП.бр.09-17/22 од 11.11.2016 година, до Управниот суд достави одговор на тужбата на AGICOA.

КОП со допис ПП.бр.09-17/23 од 11.11.2016 година, до Управниот суд достави одговор на тужбата на ЗАМП.

Управниот Суд на Република Македонија со Пресудата Упрк.бр.6/2016 и Упрк.бр.7/2016 од 09.03.2017 година (наш ПП.бр.09-17/1 од 15.05.2017 година), тужбите на тужителите ЗАМП и AGICOA, изјавени против Решението на КОП ПП бр. 09-17/18 од 13.10.2016 година, ГИ ОДБИ КАКО НЕОСНОВАНИ.

На ден 15.05.2017 година, до КОП од страна на Управниот Суд на Република Македонија беше доставен допис со прилог - Жалба на Здружението за заштита на авторски музички права ЗАМП, застапувано од полномошник Панче Ефтимов, адвокат од Скопје изјавена против Пресудата на Управниот Суд Упрк.бр.6/2016 од 09.03.2017 година.

На ден 19.05.2017 година, КОП до Вишиот управен суд на Република Македонија преку Управниот суд на Република Македонија со допис бр.09-17/3 од 19.05.2017 година достави Одговор на жалбата на тужителот ЗАМП, изјавена против Пресудата на Управниот Суд Упрк.бр.6/2016 од 09.03.2017 година.

На ден 22.06.2018 година до КОП доставена е Пресуда на Вишиот увавниот суд на Република Македонија УПРЖ.бр.843/2017 донесена на 10.05.2018 година (наш ПП.бр.09-22/1 од 22.06.2018 година), со која

*Жалбата на тужителите ЗАМП од Скопје и AGICOA од Женева, Швајцарија, СЕ УВАЖУВА.*

*Пресудата на Управниот суд Упрк.бр.6/2016 и Упрк.бр.7/2016 од 09.03.2017 година, СЕ ПРЕИНАЧУВА И СЕ ОДЛУЧУВА:*

*Тужбите на тужителите ЗАМП од Скопје и AGICOA од Женева, Швајцарија, СЕ УВАЖУВААТ.*

*Оспореното Решение на Комисијата за заштита на конкуренцијата, Комисија за одлучување по прекршок бр.09-17/18 од 13.10.2016 година, СЕ ПОНИШТУВА...*

КОП со допис ПП.бр.09-22/2 од 17.07.2018 година достави до AGICOA до ЗАМП достави Заклучок за барање на податоци.

AGICOA со допис ПП.бр.09-22/3 од 20.07.2018 година достави барање за продолжување на рокот за доставување податоци до КОП.

AGICOA со дописи ПП.бр.09-22/4 од 24.07.2018 година достави податоци до КОП.

ЗАМП со дописи ПП.бр.09-22/5 од 07.08.2018 година достави податоци до КОП.

Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

КОП со допис ПП.бр.09-22/6 од 07.08.2018 година достави до Централен регистар на РМ барање на податоци.

Со допис ПП.бр.09-22/7 од 16.08.2018 година Централен регистар на РМ ги достави бараните податоци.

КОП со допис ПП.бр.09-22/8 од 03.09.2018 година до ЗАМП, AGICOA, МТ и ОНЕ.ВИП, достави Конечно известување за утврдена фактичка состојба.

ЗАМП со допис ПП.бр.09-22/9 од 10.09.2018 година писмено се произнесе по Конечно известување за утврдена фактичка состојба.

AGICOA со допис ПП.бр.09-22/10 од 11.09.2018 година од КОП побара продолжување на рокот за произнесување по Конечно известување за утврдена фактичка состојба.

КОП со допис ПП.бр.09-22/11 од 14.09.2018 година го продолжи рокот на AGICOA за произнесување по Конечно известување за утврдена фактичка состојба.

AGICOA со допис ПП.бр.09-22/12 од 25.09.2018 година писмено се произнесе по Конечно известување за утврдена фактичка состојба.

**По прибавувањето на потребните податоци од значење за правилно одлучување во прекршочната постапка, а постапувајќи по напатствијата на Вишиот Управен суд, КОП ја утврди следната фактичка состојба:**

**ЗАМП** е здружение на граѓани основано и регистрирано согласно Законот за здруженија на граѓани и фондации и Законот за авторското право и сродните права. ЗАМП има дозвола за колективно управување со повеќе права меѓу кои и правото за кабелско реемитување на несценски музички дела. Министерството за култура на Република Македонија донело Решение за привремена дозвола за остварување кабловско реемитување на авторски дела („Службен весник на Република Македонија“ бр.39/03) со кое на ЗАМП му издава привремена дозвола за колективно остварување на користењето авторски дела, вклучувајќи ги и аудиовизуелните дела за кабелско реемитување.

Во 2011 година Министерството за култура на Република Македонија донело Решение за давање дозвола за колективно управување („Службен весник на Република Македонија“ бр.65/11), со кое на ЗАМП му издава дозвола за колективно управување на права на кабелско реемитување несценски музички дела.

ЗАМП исто така врши определени административни, технички или помошни работи во име и за сметка на други носители на права како што се ЕБУ-Кабелска координација, VG Media, RTL и AGICOA, а кои му се доверени од страна на ЕБУ-Кабелска координација, VG Media, RTL и AGICOA врз основа на Служден (Сервисен) договор (склучен на 01.08.2011 година) и Протокол за соработка.

Согласно член 1 од Службениот (Сервисен) договор ЗАМП има задача, за AGICOA, да склучува лиценсни договори со индивидуалните кабелски оператори во РМ, да го прибира авторскиот надомест за AGICOA кој надомест е предмет на склучените генерални лиценсни договори, да ја администрира наплатата во име на AGICOA и да ја распределува наплатата на AGICOA. За услугите што ги дава ЗАМП, имателите на права му исплаќаат надомест во износ од 10% од наплатениот надоместок. Дополнително, со истиот договор е утврден процентот на распределба на собраниот надоместок помеѓу носителите на права и ЗАМП.

Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

ЗАМП започнал со склучување на Генерален Лиценсен договор со кабелските оператори во РМ во 2003 година, а од 2008 година ги има склучено и Генералниот Лиценсен договор и Договор за лиценца со сите кабелски оператори на територијата на РМ.

**AGICOA** е единствена организација за колективно управување со правото за кабелско реемитување на аудиовизуелни дела (на филмски продуценти) во светски рамки и истата има седиште во Швајцарија.

**КОП како релевантни пазари ги утврди следните:**

- Пазар за колективно управување со правото за кабелско реемитување на несценски музички дела во Република Македонија и
- Пазар за колективно управување со правото за кабелско реемитување на аудиовизуелни дела (на филмски продуценти) во Република Македонија.

ЗАМП како организација за колективно управување со правото за кабелско реемитување на несценски музички дела има доминанта позиција на пазарот за колективно управување со правото за кабелско реемитување на несценски музички дела во Република Македонија.

AGICOA како единствена организација за колективно управување на правото за кабелско реемитување на аудиовизуелни дела (на филмски продуценти) има доминантна позиција на пазарот за колективно управување со правото за кабелско реемитување на аудиовизуелни дела (на филмски продуценти) во Република Македонија.

МТ е оператор кој врши дејност пренос на аудиовизуелни услуги до крајни корисници со помош на АДСЛ/ИПТВ технологија (преку својата понуда МАКС ТВ), додека ОНЕ.ВИП (поранешно:БЛИЗУ) е оператор кој врши дејност пренос на аудиовизуелни услуги до крајни корисници преку кабелска мрежа.

Независно од предметната технологија овие два оператори вршат пренос на аудиовизуелни услуги до крајни корисници, односно овозможуваат до крајните корисници пренос на одреден број канали кои крајните корисници може да ги гледаат за соодветен надомест (во случајот месечен надомест).

Согласно важечката законска регулатива МТ, ОНЕ.ВИП (поранешно:БЛИЗУ) и останатите кабелски оператори, за да вршат реемитување на каналите се упатени дел од правата кои се содржани во каналите кои ги реемитуваат до крајните корисници да ги регулираат со носителите на колективни права, односно во конкретниот случај со ЗАМП и AGICOA.

ЗАМП е здружение на граѓани основано и регистрирано согласно Законот за здруженија на граѓани и фондации и Законот за авторското право и сродните права. ЗАМП има дозвола за колективно управување со повеќе права меѓу кои и правото за кабелско реемитување на несценски музички дела во Република Македонија. AGICOA е единствена организација за колективно управување со правото за кабелско реемитување на аудиовизуелни дела (на филмски продуценти) во светски рамки и истата има седиште во Швајцарија.

*Договорот за лиценца во врска со лиценцата за симултано непроменливо и неограничено реемитување на телевизиски програми и канали кои не се на EBU и VG Media преку АДСЛ/ИПТВ односно кабелските оператори во Македонија (во понатамошниот текст:* Договор за лиценца) се склучува помеѓу ЗАМП и AGICOA од една страна и секој кабелски односно *АДСЛ/ИПТВ* оператор од друга страна. Со овој договор ЗАМП и AGICOA му дозволуваат на кабелскиот односно *АДСЛ/ИПТВ* операторот неексклузивно право за реемитување кон неговите претплатници на програми и дела застапувани од страна на ЗАМП и AGICOA кои се содржани во ТВ каналите наведени во прилог 1 и 2 на Договорот.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА
КОМИСИЈА ЗА ОДЛУЧУВАЊЕ ПО ПРЕКРШОК
Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

Член 8 од *Договорот за лиценца во врска со лиценцата за симултано непроменливо и неограничено реемитување на телевизиски програми и канали кои не се на EBU и VG Media*, гласи:

Член 8

Кабелскиот оператор ќе плати надомест, одреден подолу, на AGICOA и ЗАМП за реемитување на ТВ каналите наведени во Прилог 1 од овој Договор. Надоместокот ќе зависи од: а) бројот на ТВ канали, назначенени во Прилог 1, кои кабелскиот оператор ги реемитува, ТВ каналите од првиот ден на секое календарски квартал, б) од бројот на претплатници на овие ТВ канали и в) поединечна цена по ТВ канал, кумулативно пресметана за вкупниот број на реемитирани ТВ канали, согласно табелата подолу.

Пресметката ќе биде спроведена на следниот начин:

Цените се наведени по канал, по претплатник годишно

| Број на реемитувани ТВ канали наведени во Прилог 1 како додаток на GLA ТВ каналите | Попуст | Цена за ТВ канал по група годишно во 2011 година (во евра) | Цена за ТВ канал по група годишно во 2012 година (во евра) | Цена за ТВ канал по група годишно во 2013 година (во евра) | Цена за ТВ канал по група годишно во 2014 година (во евра) | Цена за ТВ канал по група годишно во 2015 година (во евра) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| до 5 | 10% | 0.2466 | 0.2589 | 0.2718 | 0.2854 | 0.2997 |
| Од 6 до 10 | 20% | 0.2192 | 0.2301 | 0.2416 | 0.2537 | 0.2664 |
| Од 11 до 15 | 30% | 0.1918 | 0.2014 | 0.2115 | 0.2221 | 0.2332 |
| Од 16 до 20 | 40% | 0.1644 | 0.1726 | 0.1812 | 0.1903 | 0.1998 |
| Од 21 до 25 | 50% | 0.1370 | 0.1438 | 0.1510 | 0.1585 | 0.1664 |
| Од 26 до 30 | 60% | 0.1096 | 0.1151 | 0.1208 | 0.1268 | 0.1331 |
| Од 31 до 35 | 70% | 0.0822 | 0.0863 | 0.0906 | 0.0951 | 0.0998 |
| Од 36 до 40 | 80% | 0.0548 | 0.0575 | 0.0604 | 0.0634 | 0.0665 |
| Од 41-виот и сите следни | 90% | 0.0274 цена за секој дополнит | 0.0288 цена за секој дополнит | 0.0302 цена за секој дополнит | 0.0317 цена за секој дополнит | 0.0333 цена за секој дополнит |

Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ТВ канали | | елен ТВ канал | елен ТВ канал | елен ТВ канал | елен ТВ канал | елен ТВ канал |

Горенаведените тарифи го вклучуваат попустот од 10% за кабелските оператори членови на МК НЕТ.

2. Кабелскиот оператор ќе плати надомест на ЗАМП, прецизиран подолу, за реемитување на ТВ каналите наведени во прилог 2 од овој Договор (музички канали без репертоарот на AGICOA). Надоместокот зависи од: а) бројот на ТВ канали, назначенени во Прилог 2, кои кабелскиот оператор ги реемитува, ТВ каналите од првиот ден на секое календарски квартал, б) од бројот на претплатници на овие ТВ канали и в) поединечна цена по ТВ канал, кумулативно пресметана за вкупниот број на реемитирани ТВ канали, согласно табелата подолу.

Пресметката ќе биде спроведена на следниот начин:

Цените се наведени по канал, по претплатник годишно.

| Број на реемитуван и ТВ канали наведени во Прилог 2, како додаток на GLA ТВ каналите | Попуст | Цена за ТВ канал по група годишно во 2011 година (во евра) | Цена за ТВ канал по група годишно во 2012 година (во евра) | Цена за ТВ канал по група годишно во 2013 година (во евра) | Цена за ТВ канал по група годишно во 2014 година (во евра) | Цена за ТВ канал по група годишно во 2015 година (во евра) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| За 1 до 3 | 10% | 0.0950 | 0.0998 | 0.1048 | 0.1100 | 0.1155 |
| За 4 до 6 | 20% | 0.0845 | 0.0887 | 0.0931 | 0.0978 | 0.1027 |
| За 7 до 9 | 30% | 0.0739 | 0.0776 | 0.0815 | 0.0856 | 0.0899 |
| За 10-тиот и секој нареден ТВ канал | 50% | 0.0528 цена за секој дополнителен ТВ канал | 0.0554 цена за секој дополнителен ТВ канал | 0.0582 цена за секој дополнителен ТВ канал | 0.0611 цена за секој дополнителен ТВ канал | 0.0642 цена за секој дополнителен ТВ канал |

Горенаведените тарифи го вклучуваат попустот од 10% за кабелските оператори членови на МК НЕТ.

3. Со оглед на специфичноста на актуелната економска ситуација на кабелските оператори во Македонија, носителите на авторски права се подготвени да не ги применат горенаведените тарифи за периодот 2011-2015 година, туку да им овозможат на кабелските оператори дополнителни попусти редуцирајќи ги наведените тарифи на следниот начин:

Распределбата која е прикажана се однесува на плаќањето кое треба да се изврши кон AGICOA и ЗАМП за реемитување на ТВ каналите наведени во Прилог 1 од овој Договор.

Цените се наведени по канал, по претплатник годишно.

| Број на реемитув ани ТВ | | Цена за ТВ канал по група | Цена за ТВ канал по група | Цена за ТВ канал по група | Цена за ТВ канал по група | Цена за ТВ канал по група |
|---|---|---|---|---|---|---|

| канали наведени во Прилог 1 како додаток на GLA ТВ каналите | Попуст | годишно во 2011 година (во евра) **45%** Дополнителен попуст | годишно во 2012 година (во евра) **42.75%** Дополнителен попуст | годишно во 2013 година (во евра) **40.61%** Дополнителен попуст | годишно во 2014 година (во евра) **38.58%** Дополнителен попуст | годишно во 2015 година (во евра) **36.65%** Дополнителен попуст |
|---|---|---|---|---|---|---|
| до 5 | 10% | 0.1356 | 0.1482 | 0.1614 | 0.1753 | 0.1899 |
| Од 6 до 10 | 20% | 0.1206 | 0.1317 | 0.1435 | 0.1558 | 0.1688 |
| Од 11 до 15 | 30% | 0.1055 | 0.1153 | 0.1256 | 0.1364 | 0.1477 |
| Од 16 до 20 | 40% | 0.0904 | 0.0988 | 0.1076 | 0.1169 | 0.1266 |
| Од 21 до 25 | 50% | 0.0753 | 0.0823 | 0.0897 | 0.0974 | 0.1054 |
| Од 26 до 30 | 60% | 0.0603 | 0.0659 | 0.0717 | 0.0779 | 0.0843 |
| Од 31 до 35 | 70% | 0.0452 | 0.0494 | 0.0538 | 0.0584 | 0.0632 |
| Од 36 до 40 | 80% | 0.0301 | 0.0329 | 0.0359 | 0.0389 | 0.0421 |
| Од 41-виот и сите следни ТВ канали | 90% | 0.0151 цена за секој дополнителен ТВ канал | 0.0165 цена за секој дополнителен ТВ канал | 0.0179 цена за секој дополнителен ТВ канал | 0.0195 цена за секој дополнителен ТВ канал | 0.0211 цена за секој дополнителен ТВ канал |

Следната распределба која е прикажана се однесува на плаќањето кое треба да се изврши кон AGICOA и ЗАМП за реемитување на ТВ каналите наведени во Прилогот 2 од овој Договор (музички ТВ канали без репертоар на AGICOA).

Цените се наведени по канал, по претплатник годишно.

| Број на реемитувани ТВ канали наведени во Прилог 2. како додаток на GLA ТВ каналите | Попуст | Цена за ТВ канал по група годишно во 2011 година (во евра) **45%** Дополнителен попуст | Цена за ТВ канал по група годишно во 2012 година (во евра) **42.75%** Дополнителен попуст | Цена за ТВ канал по група годишно во 2013 година (во евра) **40.61%** Дополнителен попуст | Цена за ТВ канал по група годишно во 2014 година (во евра) **38.58%** Дополнителен попуст | Цена за ТВ канал по група годишно во 2015 година (во евра) **36.65%** Дополнителен попуст |
|---|---|---|---|---|---|---|

Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| За 1 до 3 | 10% | 0.0523 | 0.0571 | 0.0622 | 0.0676 | 0.0732 |
| За 4 до 6 | 20% | 0.0465 | 0.0508 | 0.0553 | 0.0600 | 0.0650 |
| За 7 до 9 | 30% | 0.0406 | 0.0444 | 0.0484 | 0.0525 | 0.0569 |
| За 10-тиот и секој нареден ТВ канал | 50% | 0.0290 цена за секој дополнителен ТВ канал | 0.0317 цена за секој дополнителен ТВ канал | 0.0346 цена за секој дополнителен ТВ канал | 0.0375 цена за секој дополнителен ТВ канал | 0.0406 цена за секој дополнителен ТВ канал |

4.Горенаведените големи попусти се доделени на оние кабелски оператори кои го склучиле и го почитуваат договорот со EBU, VG Media, AGICOA и ЗАМП за реемитување на EBU и VG Media ТВ каналите. Горенаведените квантитативни попусти се условени од фактот дека именуваните кабелски оператори реемитуваат ТВ канали наведени во Прилогот 1 и 2, како додаток на EBU и VG Media ТВ каналите. Целосната тарифа, без никаков попуст, ќе се однесува на оние кабелски оператори кои не реемитуваат VG Media и EBU ТВ канали или кои не го почитуваат соодветниот договор за лиценца.

5. Горенаведените тарифи се валидни за аналогно реемитување на ТВ каналите наведени во Прилог 1 и Прилог 2.

6. Ако кабелските оператори се префрлат од аналогно на дигитално реемитување за сите претплатници и за сите претходно реемитувани ТВ канали во истото време, горенаведените тарифи се валидни за дигиталното реемитување.

Но, ако во споредба со аналогната понуда, бројот на дигитално реемитувани ТВ канали кои не се на EBU или на VG Media ТВ или тоталниот број на дигитални претплатници опадне за време на три месеци по префрлувањето на дигитално реемитување, кабелските оператори и имателите на права ќе преговараат за зголемување на тарифите за дигитално реемитување со цел да им се компензира на имателите на права нивната загуба на авторскиот надоместок. Ако при префрлувањето од аналогно кон дигитално реемитување се зголеми бројот на претплатници, повторно ќе се премини кон преговори за воведување на дополнителни попусти.

7. Ако во времето на извесен транзициски период кабелските оператори продолжат со паралелно аналогно и дигитално реемитување, горенаведените тарифи ќе се однесуваат и на аналогното и на дигиталното реемитување. Но, ако вкупниот број на претплатници или вкупниот број на реемитувани канали на EBU или VG Media опадне во споредба со исклучиво аналогното реемитување во транзициониот период, кабелскиот оператор и имателите на права ќе преговараат за зголемување на тарифите и за аналогното и за дигиталното реемитување со цел да им се компензира на имателите на права нивната загуба на авторскиот надоместок.

Ако на крајот од транзицискиот период бројот на дигитални претплатници на гореспоменатите ТВ канали или бројот на реемитувани ТВ канали на EBU и VG Media е помал од бројот на претплатници или реемитувани ТВ канали во последниот месец со исклучиво аналогно реемитување , кабелските оператори членови на МК НЕТ и имателите на права ќе преговараат да се зголемат тарифите за дигитално реемитување со цел да им се компензира на имателите на права нивната загуба на авторскиот надоместок.

8. Прекинувањето на реемитувањето поради технички причини или пак намалувањето на квалитетот на реемитување кои зависат од одредена радиодифузна корпорација, нема да влијаат на сумата која треба да се

Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

плати согласно со овој Договор, освен ако тоа прекинување не доведе до редуцирање на плаќањето од страна на претплатниците на кабелските оператори.

Без предрасуди за условите на овој Договор, прекините на реемитувањето на програмата, како што е наведено во чл. 4 од овој Договор, нема да има никакво влијание на тоталната сума која се спомнува во чл. 8 од овој Договор, освен ако траењето на пречките во една година надминува 1% од вкупното времетраење на реемитувањето на дадениот ТВ канал. За таа цел, бројот на часови во кои програмата е затемнета надмине 90 часа, ќе се стави во соодност со годишното времетраење на дадениот ТВ канал. Овој соодност ќе ја одредува вкупната сума која ќе биде одземена од годишната сума за плаќање за реемитување на одредениот ТВ канал. Сумата ќе биде одземена од првата фактура која ќе биде доставена на крајот од календарската година во која спаѓа и затемнувањето на реемитуваната програма.

9. Доколку, во моментот кога е востановено дека имателите на права дозволуваат на други Македонски преносни оператори (оператори на сателитски платформи, оператори на АДСЛ пратформи и др.) – кои како кабелските оператори членови на МКНЕТ се вклучени во истовремено, непроменливо и неограничено реемитување на ТВ канали - да ги користат правата за реемитување од имателите на права во многу поповолни услови отколку назначените во овој договор, имателите на права во истиот момент писмено ќе ги известат кабелските оператори членови на МКНЕТ. Во тој случај МКНЕТ и имателите на права ќе преговараат со добра волја за отстранување на дискриминацијата и стремеж да се постигне целосен договор во врска со новите услови.

10. Страните ќе почнат повторни преговори за тарифите за 2016 година и понатаму, во јули 2015.

Со наведениот член 8 од *Договорот за лиценца* се предвидува попуст на цената за реемтување на ТВ канали опфатени со овој договор само доколку операторот истовремено склучи и *Генералниот Лиценсен договор во врска со дозволата за симултано, непроменливо и неограничено реемитување на телевизиски програми кои се на ЕБУ Кабелска координација, VG Media Gesellschaft и RTL Телевизија. Со Генералниот Лиценсен договор во врска со дозволата за симултано, непроменливо и неограничено реемитување на телевизиски програми кои се на ЕБУ Кабелска координација, VG Media Gesellschaft и RTL Телевизија по пат на АДСЛ/ИПТВ односно кабелска мрежа на Р.Македонија* на кабелските односно *АДСЛ/ИПТВ* оператори им се дава дозвола за реемитување до своите претплатници програми односно дела емитувани на телевизиските станици наведени во прилог 1, 2 и 3 во наведениот договор. Со начинот на предвидување на попустите во член 8 од *Договорот за лиценца во врска со лиценцата за симултано непроменливо и неограничено реемитување на телевизиски програми и канали кои не се на EBU и VG Media*, ЗАМП како организација за колективно управување со правото за кабелско реемитување на несценски музички дела, кое претставува јавно овластување, го користи ова јавно овластување, истовремено и AGICOA како организација за колективно управување со правото за кабелско реемитување на аудиовизуелни дела (на филмски продуценти) да ги стимулираат операторите преку наведените попусти да склучат и Генерален Лиценсен договор и да пренесуваат дел од каналите на ЕБУ-Кабелска координација, VG Media и RTL. Со ваквото однесување вршат нарушување на конкуренцијата на пазарот преку злоупотреба на доминантната позиција.

Имено, со начинот на кој ги даваат попустите ЗАМП и AGICOA ги поттикнуваат кабелските односно *АДСЛ/ИПТВ оператори да пренесуваат поголем број на точно утврдени канали (застапувани од ЕБУ Кабелска координација, VG Media Gesellschaft и RTL Телевизија) со што ја нарушуваат конкуренцијата на*

Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

*пазарот. ЗАМП и AGICOA секако дека може да даваат квантитативни попусти, односно да даваат поголеми попусти за поголем број на канали чии права се регулираат од ЗАМП и AGICOA но не смеат да го стимулираат изборот на точно утврдени канали, во конкретниот случај канали застапуван од ЕБУ Кабелска координација, VG Media Gesellschaft и RTL Телевизија.*

Во однос на наводите кои ЗАМП ги дава во дописот со кој се произнесува по Заклучокот за поведување на прекршочна постапка и со кој доставува Записник од одржан состанок на ден 03.05.2012 година во просториите на ЗАМП со претставниците на МТ, ОНЕ.ВИП (поранешно: БЛИЗУ) и ОНЕ телекомуникациски услуги ДООЕЛ Скопје на кој состанок бил даден предлог до операторите дека член 8 став 4 од Договорот за лиценца нема да се применува односно попустите ќе важат и за оние оператори кои немаат потпишано Генерален Лиценсен договор КОП наведува дека ова дејство не претставува постапка со која престанала злоупотребата бидејќи до операторите е доставен само наведениот записник но не и предлог договор без спорната одредба иако истите барале доставување на предлог договор без спорната одредба.

КОП го ценеше и наводот на ЗАМП изнесен во произнесувањето по прелиминарното известување за утврдена фактичка состојба во однос на тоа дека самиот записник од 03.05.2012 година согласно Закон за облигационите односи претставува понуда и предлог за склучување на договор, и утврди дека ваквите наводи не се прифатливи бидејќи и за самите субјекти на кој што им е доставен овој записник не го сметаат за понуда за склучување на договор што е видно и од електронскат пошта испратена од МТ на 15.05.2012 година до ЗАМП во која јасно е неведено дека „со оглед на тоа што во изминатиот подолг период беа комуницирани повеќе верзии на драфт – договори, би сакале да ве замолиме уште еднаш официјално да ни го доставите последниот (комерцијален) предлог на имателите на правата како би можеле и формално да се изјасниме по истиот“. Оттука, јасно е дека и самиот МТ на кого му бил наменет записникот не го сметал за понуда за склучување на договор која ги содржи суштинските состојки на договор. Дополнително, ЗАМП не одговорил на молбата на МТ со официјално доставување на последниот (комерцијален) предлог на имателите на права како МТ би можел и формално да се изјасни по истиот, туку ЗАМП на молбата на МТ одговорил така што на 19.10.2012 година, доставил електронска пошта до МТ во која наместо да го достави бараниот (комерцијален) предлог на имателите на правата, ЗАМП му одговарил на МТ дека не добиле никаков одговор од МТ и ЗАМП бара МТ во рок од 8 дена да се изјасни по предлогот со спремност да се договори заедничка средба. Оттука, КОП утрди дека наведниот записник не може да се смета како понуда од страна на ЗАМП на Предлог договор без спорната клаузула.

Во дописот бр.09-22/18 од 11.11.2015 година ЗАМП наведува дека во Договорите за лиценца склучени со 65 кабелски оператори за периодот 2011 – 2015 годна, ја содржат спорната одредба.

Во истиот допис ЗАМП наведува дека на 29.05.2013 година по електронска порака до ОНЕ.ВИП (поранешно:БЛИЗУ) доставен е Нацрт адендум на лиценцниот договор за издавање лиценца за симултано, непроменливо и непрекинато кабелско реемитување на ТВ програми кои не припаѓаат на EBU, VG Media i RTL во Македонија 2011 – 2012 година. Истиот ден по електронска порака до МТ доставен е Нацрт адендум на лиценцниот договор за издавање лиценца за симултано, непроменливо и непрекинато кабелско реемитување на ТВ програми кои не припаѓаат на EBU, VG Media i RTL во Македонија 2011 – 2015 година. Во Нацрт адендумите не е наведено дека ќе се тргне спорната одредба од Договорот за лиценца. Со електронска порака од 20.06.2013 година МТ го известува ЗАМП дека не го прифаќа Нацрт адендумот помеѓу другото и заради тоа што останува поврзувањето на комерцијалниот Генерален лиценцен договор и

Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ™ кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

надоместоците утврдени во истиот со попустите предвидени во Лиценцниот договор.

На почетокот на 2015 година ЗАМП и AGICOA изготвуваат нов Предлог договор за лиценца за ОНЕ.ВИП (поранешно:БЛИЗУ).

На 18.05.2015 година ЗАМП со електронска порака му испраќа на ОНЕ.ВИП (поранешно:БЛИЗУ) Договор за лиценца.

На 20.05.2015 година ОНЕ.ВИП (поранешно:БЛИЗУ) со електронска порака го известува ЗАМП дека отпочнале постапка на одобрување на Договорот за лиценца.

На 16.07.2015 година ЗАМП со електронска порака доставил до ОНЕ.ВИП (поранешно:БЛИЗУ) финален текст на договорот за лиценца во кој не е содржана спорната одредба.

На 20.08.2015 година ЗАМП го пратил потпишаниот од ЗАМП и ОНЕ.ВИП (поранешно:БЛИЗУ) договор за лиценца до AGICOA, со цел истиот да биде потпишан и од AGICOA.

КОП го ценеше наводот на AGICOA изнесен во произнесувањето по прелиминарното известување за утврдена фактичка состојба во однос на тоа дека доказите кои ги има прибавено КОП во текот на постапката не и се доставени, но истиот не го прифати и го оцени како неточен од причина што на AGICOA во просториите на КОП му беше овозможено вршење на увид во списите од предметот, кој увид беше извршен во просториите на КОП на ден 09.12.2015 година, а при тоа имајќи можност да се изврши и препис или фотокопија на потребната документација истото не беше побарано од страна на полномошникот на AGICOA.

Воедно, во Законот за заштита на конкуренцијата кога станува збор за давањето на можност на странката да се произнесе по фактите и околностите што се од важност за донесување на решението, членот 42 дава многу поголема можност за странката и по прелиминарно и по конечно известување за утврдена фактичка состојба да се произнесе по фактите и околностите од значење за донесување на решението, што е и повеќе отколку што е предвидено со ЗОУП на кој упатува AGICOA. Иако заклучокот за поведување на постапка веќе беше доставен до AGICOA, КОП постапувајќи по произнесувањето на AGICOA во прелиминарното известување за дотогаш утврдена фактичка состојба со допис ПП.бр.09-17/1 од 10.02.2016 година повторно го достави Заклучокот за поведување на прекршочната постапка. Учесниците во постапката имаат право во одговорот на конечното известување да предлагаат изведување на нови докази, само доколку не располагале со истите во моментот на изјаснувањето по прелиминарното известување за дотогаш утврдена фактичка состојба, така што AGICOA има право да дотавува односно предлага докази како што е утврдено со член 42 став (5) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Исто така КОП по барање на новиот полномошникот на AGICOA со Заклучок за одобрување на увид на истиот му дозволи вршење на увид, кој увид беше извршен во просториите на КОП при што на истиот му беше овозможено да изврши и препис или фотокопија на списите на свој трошок на начин и обем определен со член 56 од Законот за заштита на конкуренцијата, за што од страна на полномошниците на AGICOA се доставени фотокопии од извршена уплата на Административна такса за барање за увид во списи на предметот пред КОП од 06.04.2016 година и уплата на Административна такса за барање да се изврши препис или фотокопија на списи на предметот пред КОП од 06.04.2016 година.

КОП исто така не ги прифаќа наводите наводите на AGICOA дека треба точно да наведе од која точка на ставот (2) од членот 11 е злоупотребата на доминатната позиција, од причина што во Законот за заштита на

Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

конкуренцијата во членот 11 став (2) во точките 1 до 6 се дадени само случаи кога особено постои злупотреба на доминантна позиција, што не значи дека тоа се единствените случаи на постоење на забранета злоупотреба на доминантна позиција. Имено, во став (1) од членот 11 од Законот за заштита на конкуренцијата јасно е наведено дека „забраната е секоја злупотреба на доминантната позиција......"

Понатаму, КОП нема надлежност да го цени однесувањето на AGICOA односно дали истиот постапува согласно Законот за авторските и сродни права, а воедно и никаде не наведува дека има забелешки по однос на почитување на одредбите од наведениот закон. За членот 139 од наведениот Закон исто така КОП нема забелешки, односно точно е дека е даден начинот како се определува висината на надоместокот и тоа не е спорно.

Неспорно е дека со општ договор не може да се утврдуваат повисокои износи на надоместоци за користење од оние утврдени во тарифникот, а со поединечниот договор не може да се утврдуваат повискои износи на надоместоци за користење од оние утврдени во општиот договор, односно тарифата, спорно е тоа што давањето на попусти предвидени во еден договор се врзува со склучување на друг договор кој по својата природа и содржина е различен од предметниот и кој другата договорна страна нема интерес да го склучи.

Спорно е тоа што во член 8 од *Договорот за лиценца* давањето на одреден попуст на надоместокот за лиценца за реемитување на програми и дела застапувани од страна на ЗАМП и AGICOA се врзува со тоа дали *АДСЛ/ИПТВ односно кабелските оператори има склучено Генерален Лиценсен договор во врска со дозволата за симултано, непроменливо и неограничено реемитување на телевизски програми кои се на ЕБУ Кабелска координација, VG Media Gesellschaft и RTL Телевизија по пат на АДСЛ/ИПТВ односно кабелска мрежа на РепубликаМакедонија, а кој договор по својата содржина не е во врска со Договорот за лиценца. Со тоа* ЗАМП и AGICOA ги стимулираат операторите преку наведените попусти да склучат и Генерален Лиценсен договор и да пренесуваат дел од каналите на ЕБУ-Кабелска координација, VG Media и RTL.

Врз основа на горенаведеното КОП утврди дека ЗАМП како единствена организација на пазарот за колективно управување на правото за кабелско реемитување на несценски музички дела на територија на Република Македонија има доминантна позиција и истата ја злоупотребувало, во периодот од 2011 до 2015 година, на начин што со одредбата од член 8 од *Договорот за лиценца во врска со лиценцата за симултано непроменливо и неограничено реемитување на телевизиски програми и канали кои не се на EBU и VG Media на АДСЛ/ИПТВ операторот и на кабелските* оператори во *Република Македонија за период од 2011 до 2015 година* давањето на одреден попуст на надоместокот за лиценца за реемитување на програми и дела застапувани од страна на ЗАМП го врзува со претходно склучување на *Генерален Лиценсен договор во врска со дозволата за симултано, непроменливо и неограничено реемитување на телевизски програми кои се на ЕБУ Кабелска координација, VG Media Gesellschaft и RTL Телевизија по пат на АДСЛ/ИПТВ и кабелска мрежа во Република Македонија за* 2011-2015 година, со што сторило прекршок од член 59 став (1) точка 2) а во врска со член 11 од Законот.

ЗАМП на 16.07.2015 година доставил финален текст Договор за лиценца до ОНЕ.ВИП (поранешно:БЛИЗУ), за период 2014 – 2015 во кој договор ја нема спорната одредба.
Исто така, КОП утврди дека AGICOA како единствена организација на пазарот за колективно управување на правото за кабелско реемитување на аудиовизуелни дела (на филмски продуценти) на територија на Република Македонија има доминантна позиција и истата ја злоупотребувала во периодот од 2011 до 2015 година, на начин што со одредбата од член 8 од

Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

*Договорот за лиценца во врска со лиценцата за симултано непроменливо и неограничено реемитување на телевизиски програми и канали кои не се на EBU и VG Media на АДСЛ/ИПТВ операторот и на кабелските оператори во Република Македонија за период од 2011 до 2015 година* давањето на одреден попуст на надоместокот за лиценца за реемитување на програми и дела застапувани од страна на AGICOA го врзува со претходно склучување на *Генерален Лиценсен договор во врска со дозволата за симултано, непроменливо и неограничено реемитување на телевизски програми кои се на ЕБУ Кабелска координација, VG Media Gesellschaft и RTL Телевизија по пат на АДСЛ/ИПТВ и кабелска мрежа во Република Македонија за 2011-2015 година*, со што сторила прекршок од член 59 став (1) точка 2) а во врска со член 11 од Законот.

КОП во повторната постапка утврди дека ЗАМП сторил прекршок од член 59 став (1) точка 2) а во врска со член 11 од Законот.

КОП во повторната постапка утврди дека AGICOA сторила прекршок од член 59 став (1) точка 2) а во врска со член 11 од Законот.

Имено во Законот за заштита на конкуренцијата во членот 11 под назив - Злоупотреба на доминантна позиција во став (1) е дадена општа забрана за злоупотреба на доминантната позиција. Членот 11 став (1), гласи:

(1) **Забранета е секоја злоупотреба на доминантната позиција од едно или повеќе претпријатија на релевантниот пазар или негов суштински дел**.

Во ставот (2) од од членот 11 се дадени 6 (шест) особени случаи на злоупотреба на доминатната позиција. Ова е само листа на особени, а не и исцрпна листа на сите можни облици на злоупотреба на доминатната позиција. Членот 11 став (2), гласи:

**(2) Злоупотребата од ставот (1) од овој член особено постои во случај на:**

1) директно или индиректно наметнување на нефер куповни или продажни цени или други нефер услови на тргување;

2) ограничување на производството, пазарите или техничкиот развој на штета на потрошувачите;

3) примена на различни услови за исти или слични правни работи со други трговски партнери, со што се ставаат во понеповолна конкурентска позиција;

4) условување на склучување договори со прифаќање од другите договорни страни дополнителни обврски, што по својата природа или согласно со трговските обичаи, не се во врска со предметот на договорот;

5) неоправдано одбивање да се тргува или поттикнување и барање од други претпријатија или здруженија на претпријатија да не купуваат или продаваат стоки и/или услуги на некое определено претпријатие, со намера на нечесен начин да му се нанесе штета на тоа претпријатие;

6) неоправдано одбивање да му се овозможи пристап во сопствената мрежа или други инфраструктурни објекти на друго претпријатие за соодветен надомест, доколку без ваквото истовремено користење, другото претпријатие, заради правни или фактички причини биде оневозможено да дејствува како конкурент на определен релевантен пазар.

Согласно член 59 став (1) точка 2) од Законот, КОП на претпријатието, односно здружението на претпријатија, со решение ќе му изрече глоба во

Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

износ до 10% од вредноста на вкупниот годишен приход остварен во последната деловна година, изразена во апсолутен и номинален износ за која претпријатието или здружението на претпријатија има составена годишна сметка ако стори злоупотреба на доминантната позиција во смисла на член 11 од Законот.

Согласно член 64 став (1) од Законот при одмерување на глобата КОП во предвид ги зема: тежината на прекршокот, времетраењето на прекршокот, степенот на нарушеност на конкуренцијата и последиците предизвикани со прекршокот.

Согласно член 64 став (2) од Законот КОП, при одмерување на глобата, најпрво определува основен износ на глобата, а потоа истиот го прилагодува, земајќи ги предвид олеснителните или отежнителните околности.

Согласно член 64 став (3) од Законот основниот износ на глобата по правило изнесува најмногу до 30% од приходот на сторителот на прекршокот остварен од дејноста која се врши на релевантниот пазар на кој е сторен прекршокот во последната целосна деловна година во која сторителот на прекршокот учествувал во истиот. Вака определениот износ се множи со бројот на годините во кои траел прекршокот.

Согласно горенаведените законски одредби при определување на износот на глобата која треба да се изрече на ЗАМП, КОП тргнува од вкупно остварените приходи на ЗАМП од наплата на надоместот за реемитување на програми и дела застапувани од страна на ЗАМП во Република Македонија во 2015 година, а кои приходи изнесуваат XXX денари.

Имајќи ги во предвид тежината на прекршокот, степенот на нарушеност на конкуренцијата и последиците предизвикани од прекршокот, КОП основниот износ на глобата го утврдува во висина од XXX%, па оттука основниот износ на глобата изнесува XXXденари, прекршокот траел 5 години па оттука износот на глоба кој треба да му се изрече на ЗАМП изнесува XXX денари.

Вкупно остварените приходи на ЗАМП во 2017 година, како последна деловна година за која ЗАМП има составена годишна сметка изнесуваат XXX денари.

Пресметаната глоба од XXX денари претставува XXX% од вредноста на вкупниот годишен приход на ЗАМП остварен во 2017 година како последна деловна година, за која претпријатието има составена годишна сметка.

XXX

**Врз основа на ваквата фактичка состојба, КОП утврди дека износот на глобата кој ќе му се изрече на ЗАМП за сторен прекршок на член 59 став 1) точка 2) од Законот изнесува 1.748.620.00 денари.**

При определување на износот на глобата на AGICOA, КОП тргнува од вкупно остварените приходи на AGICOA, од наплата на надоместот за реемитување на програми и дела застапувани од страна на AGICOA во Република Македонија за 2015 година, а кои приходи изнесуваат XXX евра, односно XXX денари[3]

Имајќи ги во предвид тежината на прекршокот, степенот на нарушеност на конкуренцијата и последиците предизвикани од прекршокот, КОП основниот износ на глобата го утврдува во висина од XXX%, па оттука основниот износ на глобата изнесува XXX денари, прекршокот траел 5 години па оттука износот на глоба кој ќе му се изрече на AGICOA изнесува XXX денари.

[3] Среден курс на Народна банка на РМ на 31.12.2015 година 1 евро=61.5947 денари

Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

Вкупно остварените приходи на AGICOA во 2017 година, како последна деловна година за која AGICOA има составена годишна сметка изнесуваат XXX CHF[4], односно XXX денари.

Глобата од 4.541.700,00 денари денари претставува XXX% од вредноста на вкупниот годишен приход на AGICOA остварен во 2017 година како последна деловна година, за која претпријатието има составена годишна сметка.

**Врз основа на ваквата фактичка состојба, КОП утврди дека износот на глобата кој ќе се изрече на AGICOA за сторен прекршок на член 59 став 1) точка 2) од Законот изнесува 4.541.700,00денари.**

Заради сето горе наведено се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд во рок од осум (8) дена од денот на приемот на ова решение. Тужбата го одлага извршувањето на решението.

**Претседател**
**Чедомир Краљевски**

---

[4] Среден курс на Народна банка на РМ на 30.12.2017 година 1 CHF=52,5472 денари